1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„Службен лист на СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 22 септември 1978
БЕЛГРАД
БРОЈ 51 ГОД. XXXIV

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1978 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**776.**

Врз основа на член 36 точка 35 став 2 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75 и 7/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ НА МЕДАЛЈОНИ, ЗНАЧКИ И ПРИДАТОЦИ, ШТО СЕ ИЗДАВААТ ПО ПОВОД НА НАСТАНИ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАРОДИТЕ И НАРОДНОСТИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медалјони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/74, 11/74, 28/74, 8/75, 55/75, 12/76, 18/76, 26/76, 45/76, 27/77, 51/77, 2/78 и 25/78) во точка 1а, во одредбата под 75 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат седум нови одредби, кои гласат:

„76) на јубиларни значки што се издаваат по повод на прославата на 35-годишнината од донесувањето на одлуките за ЗАВНОХ и АВНОЈ за присоединување на Истра, Словеначко Приморје, Риека, Задар и островите кон Хрватска и Југославија;

77) на јубиларни значки што се издаваат по повод на прославата на 35-годишнината од битката на Сутјеска;

78) на јубиларни значки што се издаваат по повод на прославата на 35-годишнината на Сојузот на пријателите на младината.

79) на јубиларни значки и придатоци што се издаваат по повод на одржувањето на XIV светско падобранско првенство;

80) на јубиларни значки што се издаваат по повод на одржувањето на Шестиот конгрес на Сојузот на синдикатите на Србија;

81) на плакета „д-р Иво Политео“ што му се доделува на Претседателот на Републиката Јосип Броз Тито, по повод на прославата на 50-годишнината од бомбашкиот процес пред Окружниот суд во Загреб;

82) на значки „Музеј народне револуције Риjека“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 660
11 септември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Бранислав Иковиќ, с. р.**

**777.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „ЕРОСА“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Ероса“ број 1451 од 26 јули 1978 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/430
30 август 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ, с. р.**

---

**778.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „INTERNATIONAL HERALD TRIBUNE“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „International Herald Tribune“, број 29703 од 10 август 1978 година, што излегува на англиски јазик во Цирих, Швајцарија.

Бр. 650-1-27/621
31 август 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ, с. р.**

779.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELT"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Die Welt", број 193 од 21 август 1978 година, што излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/739
8 септември 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

780.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „MÜNCHNER MERKUR"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Müncher Merkur", број 33 од 19/20 август 1978 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/734
8 септември 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

781.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „BILD"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Bild", број 194 од 22 август 1978 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/740
8 септември 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

782.

Врз основа на точка 3 од Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/78), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

1. Се утврдува дека во Сојузниот комитет за земјоделство се делегирани:

а) од страна на определени сојузни органи на управата и сојузни организации, самоуправни организации и заедници и општествени организации во федерацијата, како нивни претставници, и тоа:

1) Сојузниот секретаријат за народна одбрана:
Драгољуб Моравчиќ, генерал-потполковник на ЈНА;

2) Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи:
Вељко Крижник, директор на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи;

3) Сојузниот завод за општествено планирање:
Недељко Шуљманац, директор во Сојузниот завод за општествено планирање;

4) Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство:
Здравко Мутин, претседател на Самоуправната интересна заедница на САП Војводина за економски односи со странство;

5) Стопанската комора на Југославија:
Милорад Бировлев, потпретседател на Стопанската комора на Југославија;

6) Задружниот сојуз на Југославија:
Саво Јакшиќ, секретар на Задружниот сојуз на Југославија;

7) Општото здружение за земјоделство и прехранбена индустрија:
Сава Веселинов, секретар на Општото здружение за земјоделство и прехранбена индустрија на Југославија.

б) од страна на извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, како нивни претставници, и тоа:

1) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина:
Драган Блажевиќ, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство и шумарство;

2) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија:
Христо Христоманов, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство и шумарство;

3) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија:
Иво Маренк, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство, шумарство и исхрана;

4) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија:

Слободан Миливоевиќ, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство, шумарство и водостопанство;

5) Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска:

Маријан Стрбашиќ, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство, прехранбена индустрија и шумарство;

6) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора:

Милан Шановиќ, член на Извршниот совет и републички секретар за земјоделство и шумарство;

7) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина:

Сава Вујков, член на Извршниот совет и покраински секретар за земјоделство, прехранбена индустрија и шумарство;

8) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово:

Драган Влаиќ, член на Извршниот совет и покраински секретар за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5328/1
10 септември 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Милован Зидар**, с. р.

---

## 783.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА РАДИОКОМУНИКАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за радиокомуникации, што ги има следниот назив и ознака:

Радиокомуникации. Радиофреквенциски опсези и канали на радиоприемници и телевизиски приемници за прием на радиодифузни емисии — JUS N.N6.010

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува почнувајќи од 20 октомври 1978 година.

Член 4

Со денот на почетокот на применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник престанува да важи Решението за југословенскиот стандард за радиокомуникации („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/74).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-14370/1
31 август 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 784.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГРАДСКИ И ПРИГРАДСКИ АВТОБУСИ И НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, МОТОРИ И ОПРЕМА

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 16 мај 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за градски и приградски автобуси и нивни резервни делови, мотори и опрема, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, за градски и приградски автобуси да ги зголемат во просек до 6%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата, а за нивни резервни делови, мотори и опрема — најмногу до 7%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3048 од 15 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: ТАМ — Марибор, „ФАП—ФАМОС" — Белград и „Икарус" — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 13 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

## 785.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КАМИОНИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА, МЕЃУГРАДСКИ И ПРИГРАДСКИ АВТОБУСИ, ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА СО НОСИВОСТ ДО 12 ТОНИ И ДАМПЕРИ И НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, МОТОРИ И ОПРЕМА

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 29 мај 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за камиони, специјални возила, меѓуградски и приградски автобуси, приклучни возила со носивост до 12 тони и дампери и нивни резервни

делови, мотори и опрема, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, за камиони, специјални возила, меѓуградски и приградски овтабуси, приклучни возила со носивост до 12 тони и дампери да ги зголемат во просек до 6%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата, а за нивни резервни делови, мотори и опрема — најмногу до 7%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2847 од 15 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: ТАМ — Марибор, „ФАП—ФАМОС" — Белград, Заводи „Црвена застава" — Крагуевац, „Икарус" — Земун, ИМВ — Ново Место, „Змај" — Земун, „ИТАС" — Кочевје, УТВА — Панчево, Гоша — Смедеревска Паланка и „Технострој" — Љутомер.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 65 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

## 786.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРОИЗВОДИ НА ПОГРЕБНА ОПРЕМА

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 30 јуни 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за производи на погребна опрема, со тоа што производителските организации на здружен труд ги задржуваат своите продажни цени на постојното ниво, а вршат усогласување заради преминување на малопродажни цени, при условите на продажбата што се наведени во спогодбата, а според ценовниците што се составен дел на Спогодбата.

2. Цените од ценовниците важат како цени во продажбата на мало, без данокот на промет. Во тие цени се вклучени трошоците на прометот на стоките и тоа во малопродажната цена до 22% за покритие на трошоците во прометот на мало, како и до 11% за покритие на трошоците во прометот на големо, вклучувајќи ги и трошоците на амбалажата и пакувањето и другите услови на продажбата што се наведени во Спогодбата.

3. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

4. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3788 од 13 септември 1978 година.

5. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 10 производители потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 17 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

## 787.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛЕАНИ ЦЕВКИ, ФАЗОНСКИ ДЕЛОВИ, ПРИБОР ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА, ЖИБО-СПОЈНИЦИ, ФАЗОНСКИ ПАРЧИЊА И САЛОНИТ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 24 март 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за леани цевки, фазонски делови, прибор за канализација, жибо-спојници, фазонски парчиња и салонит, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 19%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2324 од 13 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Београд", ливница санитарног и емајлираног и сивог лива — Белград, Љеваоница и творница арматура — Вараждин, Индустријски комбинат „Гуча" — Гуча, ИМП — Иванчна Горица, „Томо Винковиќ" — Бјеловар, „Далит" — Дарувар, Металски заводи „Тито" — Скопје и Жељезара „Илијаш" — Илијаш.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 34 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

## 788.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СИНТЕТИЧКО ПОЛИАКРИЛНО ВЛАКНО „МАЛОН"

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 18 јули 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за синтетично полиакрилно влакно „Малон", со тоа што производителската организација на здружен труд да може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми до 5,6%, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) штапел, суров | 41,50 |
| 2) ленти, сурови | 43,55 |
| 3) топс, суров | 52,50 |

Ако производите од став 1 на оваа точка се бојосуваат, врз цената утврдена во тој став се додаваат трошоците за бојосувањето, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| а) светли нијанси | 8 |
| б) средни нијанси | 11 |
| в) темни нијанси | 14 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3 На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 4346 од 14 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Охис" — Скопје.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 21 купувач-потрошувач потписник на Спогодбата.

---

## 789.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БАЗНИ, ШАМОТНИ И СИЛИКА ОГНООТПОРНИ ПРОИЗВОДИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 22 јуни 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за базни, шамотни и силика огноотпорни производи, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат, и тоа за:

| | |
|---|---|
| 1) базни огноотпорни производи | до 8,3% |
| 2) шамотни и силика огноотпорни производи | до 6,3% |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3837 од 14 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставници на производителите: „Магнохром" — Кралево, „Шамот" — Аранѓеловац, „Силика" — Гостивар, „Кремен" — Ново Место, „Термит" — Домжале и „Загорка" — Бедековчина.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Ватросталнa" — Зеница и Жељезара „Борис Кидрич" — Никшиќ.

## 790.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГОЛЕМИ СТАБИЛНИ И ПОДВИЖНИ КОМПРЕСОРИ И НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 24 мај 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за големи стабилни и подвижни компресори и нивни резервни делови, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени за наведените производи, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 8%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3211 од 8 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Енергоинвест" — Сараево, „Трудбеник" — Добој и „Фаграм" — Смедерево.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 22 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

## 791.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛЕАНИ СПОЈНИЦИ-ФИТИНЗИ (ЦРНИ И ПОЦИНКУВАНИ)

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 28 март 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за леани спојници-фитинзи (црни и поцинкувани), со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 8%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2323 од 13 септември 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Титан" — Камник, „Ливница железа и темпера — Кикинда, „Победа" — Нови Сад, ООУР — Рума.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 13 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

**792.**

Врз основа на член 72 став 2 во врска со член 79 став 1 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/74 и 5/78), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ објавува

## РЕЗУЛТАТ

### НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СР ЦРНА ГОРА

I. Изборот е одржан од 5 до 14 јули 1978 година во сите собранија на општините на територијата на СР Црна Гора. На седниците на собранијата на општините присуствувале вкупно 1245 делегати.

Кандидатот од Листата на кандидатите, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 36/78,

Антон Крстовиќ — добил вкупно 1235 гласови.

Неважечки гласачки ливчиња имало 10.

II. Републичката изборна комисија на СР Црна Гора на седницата од 20 јули 1978 година, утврди дека, во смисла на член 67 став 1 од Законот, за делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ е избран

Антон Крстовиќ, роден 1932 година, ВК работник, Хрват, член на делегацијата на ОК на ССРН Тиват.

Број 184
14 септември 1978 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар на Комисијата,
**Властимир Живковиќ**, с. р.

Претседател на Комисијата,
**Божидар Брајовиќ**, с. р.

---

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за метролошките услови за стаклени мерила на зафатнина од 5 до 200 $cm^3$ (ML) за мерење на колонска вода и парфимериски производи, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/78, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА СТАКЛЕНИ МЕРИЛА НА ЗАФАТНИНА ОД 5 ДО 200 $cm^3$ (ML) ЗА МЕРЕЊЕ НА КОЛОНСКА ВОДА И ПАРФИМЕРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Во називот на правилникот наместо зборовите: „од 5 до 200 $cm^3$ (ML)" треба да стои: „од 5 до 500 $cm^3$ (ml)".

Во член 1 наместо бројот: „200" треба да стои: „500".

Од Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, Белград, 1 септември 1978 година.

# УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ДАНСКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ДАНСКА

I

Се отповикува

Стана Томашевиќ-Арнесен од должноста на извореден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Данска.

II

Се назначува

Светозар Старчевиќ, началник на управа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Данска.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 11
1 септември 1978 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува:

— по повод на шеесетгодишнината на животот и четириесет и петгодишнината на револуционерната работа, а за извонреден придонес кон сестраното развивање на југословенско-романското пријателство и најтесна добрососедска соработка, како и за заслуги во развивањето на рамноправни меѓународни односи

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Nicolae Ceausescu, генерален секретар на Романската комунистичка партија и Претседател на Социјалистичка Република Романија.

Бр. 16
25 јануари 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

# УКАЗ

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од САП Косово

— по повод на триесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Градежно-индустриски комбинат „Рамиз Садику" — Приштина;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

Денисенко Фјодора Никола;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Бајрами Садрија Садик, Чолиќ Спасоје Петар, Орана Ибрахима Вехбија;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ахмети Имера Зумбер, Јовановиќ Богдана Борисав, Јовановиќ Аврама Вукота, Љубисављевиќ Љубисава Станојко, Спасиќ Митра Богољуб, Зајми Мехмета Бедри;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Вујиќ Ајруша Берсим;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Аритоновиќ Живојина Велимир, Аслани Реџепа Кемаљ, Бајчиновци Јакупа Алија, Бајгора Хисена Авдула, Бајрами Саита Осман, Барбатовци Нуредина Рамадан, Бериша Арифа Фаик, Бојовиќ Будимира Милорад, Божовиќ Марка Александар, Буњаку Јашар Ариф, Цвејиќ Мирка Радован, Цветковиќ Драгољуба Жарко;

Демоли Ајриза Захир, Димитријевиќ Луке Станко, Динарама Али Чемајљ, Добрдоли Рушита Раиф Драгуша Исмета Аџим, Дурмиши Мурата Фериз, Ѓиновиќ Луке Сречко, Ѓорѓевиќ Спасоја Љубинко, Ѓуровиќ Николе Роса, Фејзулахи Мустафе Зија, Филиповиќ-Ивановиќ Милана Лепосава, Гаши Зенела Дервиш, Гаши Шабана Мусли, Гаши Бахтир Рахман, Глигоријевиќ-Витковиќ Саве Светлана, Глогу Незира Ајет, Граинца Хајдара Јахир, Хајризи Сељмана Хусеин, Хазири Емина Авдула, Хусени Зенел Решат, Хоџа Шабана Нимон, Исмаиљи Садика Имер, Јашари Мустафе Мемет, Казагиќ Хасана Исмаил, Казагиќ Мустафе Решад, Ликај Суље Мустафа, Луковиќ Драгомира Радован, Матаровиќ Рамадана Реџеп, Милутиновиќ Љубомира Цветко, Мурганиќ Илије Миливоје, Мустафа Рахмана Шериф, Нишевци Демира Ремзи, Поповиќ Михајла Драгослав, Пуљај Исена Амет, Пуљај Ризана Рушен, Рача Иљаза Хазир, Радаљ Ивана Анте, Ристиќ Милана Радомир, Садику Салије Фаик, Сејдија Шабана Саит, Селмани Амета Јонуз, Синадоли Ахмета Мухарем, Статовци Емина Бахтир, Стевановиќ Антонија Стеван, Стојановиќ Стојана Илија, Стојановиќ Здравка Младен, Шаќири Ибраима Аљуш, Шаља Реџепа Муртеза, Шќекиќ Томе Вукосав, Шуловиќ Јована Драгиња, Тахири Рахима Шабан, Закиќ Драгутина Чедомир, Живковиќ Николе Радосав.

Бр. 19
3 март 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

# УКАЗ

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод на шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на политиката на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и други земји

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Грабчановиќ Ибрахима Хасан;

Од СР Македонија

— за истакнати заслуги во исклучувањето и развивањето на македонскиот јазик и за придонес на ширењето на културата во Републиката

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Китанова-Илиева Марко Таска;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Цветковиќ Александра Саво, Пановски Никола Петар, Поповски Харалампие Панде;

Од СР Словенија

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Цвар Ивана Руди;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Арсиќ-Пекленик Августина Марија;

Од СР Србија

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ѓорѓевиќ-Шумановиќ Свете Криста, Косовац Будислава Војислав.

Бр 22
7 март 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

776. Одлука за дополнение на Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медалјони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија — — — — — — 2173
777. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Ероса" — — 2173
778. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „International Herald Tribune" — — — — — — — — 2173
779. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Die Welt" — — 2174
780. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Münchner Merkur" 2174
781. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Bild" — — — — 2174
782. Решение за утврдување на составот на Сојузниот комитет за земјоделство — — 2174
783. Правилник за Југословенскиот стандард за радиокомуникации — — — — — 2175
784. Спогодба за промена на затечените цени за градски и приградски автобуси и нивни резервни делови, мотори и опрема — 2175
785. Спогодба за промена на затечените цени за камиони, специјални возила, меѓуградски и приградски автобуси, приклучни возила со носивост до 12 тони и дампери и нивни резервни делови, мотори и опрема 2175
786. Спогодба за промена на затечените цени за производи на погребна опрема — — 2176
787. Спогодба за промена на затечените цени за леани цевки, фазонски делови, прибор за канализација, жибо-спојници фазонски парчиња и салонит — — — — — — 2176
788. Спогодба за промена на затечените цени за синтетично полиакрилно влакно „Малон" 2176
789. Спогодба за промена на затечените цени за базни, шамотни и силика огноотпорни производи — — — — — — — — 2177
790. Спогодба за промена на затечените цени за големи стабилни и подвижни компресори и нивни резервни делови — — — 2177
791. Спогодба за промена на затечените цени за леани спојници-фитинзи (црни и поцинкувани) — — — — — — — — 2177
792. Резултат на дополнителниот избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од СР Црна Гора — — 2178
Исправка на Правилникот за метролошките услови за стаклени мерила на зафатнина од 5 до 200 $cm^3$ (ML) за мерење на колонска вода и парфимериски производи 2178
Укази — — — — — — — — — — — — 2178
Одликувања — — — — — — — — — — 2178

**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**